1830
Službeni vesnik SR
Makedonija
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖБ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДІ ...ИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 25 април 1986

БЕЛГРАД

БРОЈ 23 ГОД. XLII

Цена на овој број е 440 динари. – Аконтацијата на претплатата за 1986 година изнесува 3.000 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

324.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ЗА ПАТИШТА КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за задолжување на самоуправните интересни заедници за патишта кај Меѓународната банка за обнова и развој, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 23 април 1986 година.

П бр. 577
23 април 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Радован Влајковиќ, с.р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Илијаз Куртеши, с.р.

ЗАКОН

ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ЗА ПАТИШТА КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

Член 1

Заради изградба и реконструкција на патната мрежа, самоуправните интересни заедници за патишта можат да земат долгорочен кредит кај Меѓународната банка за обнова и развој во износ од 121,485.000 САД долари.

Корисници на кредитот од став 1 на овој член се:

1) Самоуправната интересна заедница за магистрални патишта на СР Босна и Херцеговина, Сараево – во износ од 26,086.000 САД долари;

2) Републичката самоуправна интересна заедница за патишта на Хрватска – во износ од 33,374.000 САД долари;

3) Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, Белград – во износ од 36,491.000 САД долари;

4) Самоуправната интересна заедница за патишта на Словенија – во износ од 25,534.000 САД долари.

Член 2

Корисниците на кредитот од член 1 на овој закон се должни при склучувањето на договорот за кредит да ги обезбедат најповолните услови што Меѓународната банка за обнова и развој ги дава во поглед на каматите, роковите за отплата и на другите трошоци во врска со кредитот.

Член 3

Корисниците на кредитот од член 1 на овој закон заеднички ја определуваат банката овластена за работи со странство на која, во рокот на втасувањето на обврската по кредитот, ќе ѝ ја уплати динарската противвредност на обврската.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

325.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ИЗНОС НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА ТРЕТАТА ЕТАПА НА РАБОТИТЕ И НАБАВКАТА НА ОПРЕМА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ГАБАРИТИ НА ПЛОВНИОТ ПАТ НА ДУНАВ ОД БЕЛГРАД ДО ЈУГОСЛОВЕНСКО-УНГАРСКАТА ГРАНИЦА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

Се прогласува Законот за утврдување на вкупниот износ на средствата за финансирање на Програмата на третата етапа на работите и набавката на опрема за обезбедување габарити на пловниот пат на Дунав од Белград до југословенско-унгарската граница во периодот од 1986 до 1990 година, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 23 април 1986 година.

П бр. 578
23 април 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Радован Влајковиќ, с.р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Илијаз Куртеши, с.р.

ЗАКОН

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ИЗНОС НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА ТРЕТАТА ЕТАПА НА РАБОТИТЕ И НАБАВКАТА НА ОПРЕМА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ГАБАРИТИ НА ПЛОВНИОТ ПАТ НА ДУНАВ ОД БЕЛГРАД ДО ЈУГОСЛОВЕНСКО-УНГАРСКАТА ГРАНИЦА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

Член 1

Средствата за финансирање на Програмата на третата етапа на работите и набавката на опрема за обезбедува-

ње габарити на пловниот пат на Дунав од Белград до југословенско-унгарската граница во периодот од 1986 до 1990 година (во натамошниот текст: Програмата) се утврдуваат во вкупен износ од 2.742,836.000 динари, од што во девизи 45,000.000 динари.

Средствата од став 1 на овој член се обезбедуваат во буџетот на федерацијата, без обврска за враќање.

Член 2

Средствата од член 1 на овој закон ќе се обезбедат во буџетот на федерацијата за секоја година, и тоа:

1) во Буџетот на федерацијата за 1986 година	200,000.000 динари;
2) во Буџетот на федерацијата за 1987 година,	650,000.000 динари;
од што во девизи	25,000.000 динари;
3) во Буџетот на федерацијата за 1988 година	650,000.000 динари;
од што во девизи	20,000.000 динари;
4) во Буџетот на федерацијата за 1989 година	650,000.000 динари;
5) во Буџетот на федерацијата за 1990 година	592,836.000 динари.

Член 3

Средствата за финансирање на Програмата се предвидени врз основа на тековните цени од 1985 година.

Валоризацијата на средствата за финансирање на Програмата, предвидени за одделни години, ќе се врши при донесувањето на буџетот на федерацијата за наредната година, врз основа на податоците на Сојузниот завод за статистика за движењето на цените на производите и услугите, односно на трошоците на градењето, ако растежот на тие цени, односно трошоци е поголем од 5%.

Валоризацијата од став 2 на овој член ќе се врши според елементите и критериумите за валоризација што ги утврдува Сојузниот извршен совет.

Член 4

Средствата за финансирање на Програмата утврдени во член 2 на овој закон, што нема да се потрошат до крајот на годината за која се определени, можат да се користат во наредната година за исти намени.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

326.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се прогласува Законот за здружување во Стопанската комора на Југославија, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 23 април 1986 година.

П бр. 569
23 април 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Радован Влајковиќ,с.р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Илијаз Куртеши, с.р.

ЗАКОН

ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА ЈУГОСЛАВИЈА

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Работните организации што вршат стопанска дејност се здружуваат во Стопанската комора на Југославија (во натамошниот текст: Комората), како самоуправна и стручна заедница на организациите на здружен труд.

Работните организации здружени во сложена оранизација на здружен труд можат да одлучат во Комората да се здружуваат преку сложената организација.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, организациите на здружен труд што, врз основа на сојузен закон, се здружени Заедницата на југословенските железници, во Заедницата на југословенските пошти, телефони и телеграфи и Заедницата на југословенското електростопанство се здружуваат во Комората преку тие заедници.

Во Комората се здружуваат и здружените банки и заедниците за осигурување на имоти и лица, како и земјоделските задруги и други форми на здружување на земјоделците - преку Задружниот сојуз на Југославија.

Работните организации што вршат општествена дејност, која служи за унапредување на трудот и работењето на организациите на здружен труд во областа на стопанството, и деловните заедници на организациите на здружен труд што вршат стопанска дејност, можат да одлучат да се здружат во Комората.

Во Комората можат да се здружат и научноистражувачки организации.

Член 2

Организациите на здружен труд и други самоуправни организации и заедници се здружуваат во Комората заради: унапредување на трудот и работењето од заеднички интерес за стопанството во целост; усогласување на својот развој, а со тоа и на стопанскиот развој на земјата: унапредување на самоуправното организирање; обезбедување и насочување на здружувањето на труд и средства; поуспешно остварување и унапредување на економските односи со странство и вклучување на југословенското стопанство во меѓународните економски односи; усогласување на посебните, заедничките и општите интереси; заедничко решавање на развојните и тековните стопански прашања; како и заради разгледување и решавање на други прашања од заеднички интерес.

Член 3

Организациите на здружен труд и други самоуправни организации и заедници што се здружени во Комората (во натамошниот текст: членки на Комората) ги остваруваат целите на здружувањето и ги извршуваат задачите на Комората по пат на здруженија, секции, одбори и други форми на работа и одлучување во Комората, утврдени со овој закон и со статутот на Комората.

Различните ставови на здруженијата, секциите и на другите форми на работа и одлучување во Комората се усогласуваат во Собранието на Комората или во заедничките тела во Комората.

Член 4

Членките на Комората управуваат со работите на Комората преку своите делегати во Собранието на Комората и собранијата на здруженијата и секциите.

Член 5

Спогодувањето и договарањето на членките на Комората е основниот начин на подготвување и донесување на одлуки и утврдување на ставови во Комората.

Одлуките се донесуваат со мнозинство на гласови.

Член 6

Членките на Комората заемно се одговорни за извршувањето на своите обврски што произлегуваат од статутот на Комората, од самоуправните спогодби што

склучиле во рамките на Комората, од одлуките, заклучоците и другите акти што, во согласност со статутот на Комората, се донесуваат во Комората.

Собранието на Комората, здруженијата, секциите и другите форми на работа и одлучување го разгледуваат извршувањето на политиката утврдена со сојузните плански акти, остварувањето на заедничките програми за развој, на заклучоците, одлуките и другите акти донесени во Комората и преземаат мерки и активности со кои се обезбедува нивното извршување и се одговорни за тоа пред организациите на здружен труд во целата општествена заедница.

Член 7

Делегатите во Собранието на Комората и собранијата на здруженијата и секциите се одговорни за својата работа пред членките на Комората што ги избрале, а другите носители на функции пред Собранието на Комората.

Член 8

Комората соработува со стопанските комори на републиките и на автономните покраини и со основните комори и со нив се договара особено за прашањата од интерес за стопанството на земјата во целина.

Стопанските комори спогодбено го утврдуваат начинот на остварувањето на меѓусебната соработка од став 1 на овој член.

Член 9

Во извршувањето на своите задачи, Комората соработува со сојузните органи и со свои иницијативи, мислења, предлози и други активности учествува во изградувањето на стопанскиот систем, утврдувањето на економската политика и во решавањето на прашањата од интерес за стопанството на земјата.

Во извршувањето на своите задачи, Комората соработува и со општествено-политичките и други општествени организации и со други организации и заедници на ниво на федерацијата.

Член 10

Комората соработува со стопанските комори на други земји и со соодветни меѓународни и национални стопански организации.

Заради унапредување на стопанските односи со одделни земји, Комората може, заедно со коморите на односните земји, да основа мешовити комори.

Член 11

Работата на Комората е јавна.

Комората обезбедува редовно известување на членките на Комората и на јавноста за својата работа.

Начинот на обезбедување јавност на работата на Комората се уредува со нејзиниот статут.

Член 12

Комората е правно лице, со права, обврски и одговорности утврдени со Уставот на СФРЈ, со сојузен закон и со нејзиниот статут.

II. ЗАДАЧИ НА КОМОРАТА

Член 13

Членките на Комората ги усогласуваат интересите и заеднички одлучуваат и преземаат мерки и активности заради обезбедување на: унапредување на производството, прометот и вршењето на услуги; усогласување развојот на гранките и групациите и на стопанството како целина; функционирање на единствениот југословенски пазар; оптимално организирање на стопанството за извоз на стоки и услуги, унапредување на деловно-техничката соработка, кооперацијата и заедничките вложувања со странски партнери и вршење на други работи од значење за унапредувањето на економските односи со странство; подготвување и остварување на мерките на економската политика; поврзување на организациите на здружен труд во остварувањето на заедничките интереси и склучувањето на самоуправни спогодби и општествени договори; програмско, развојно и деловно интегрирање на југословенското стопанство врз основите на самоуправувањето; информирање на организациите на здружен труд за научно-техничките достигања, за показателите на понудата и побарувачката на пазарот и за други податоци што придонесуваат за унапредувањето на нивната работа и работење; стручно усовршување на кадрите што вршат определени задачи и работи во областа на економските односи со странство; извршување на други задачи и работи што се утврдени со посебни сојузни закони, со актите за планирање и со други акти што ги донесуваат Собранието на СФРЈ и Сојузниот извршен совет и со статутот на Комората.

Членките на Комората, по пат на делегатите во Собранието на Комората, во собранијата на здруженијата и секциите, преку заедничките тела и други форми на заедничка работа и одлучување во Комората, ги усогласуваат интересите, заземаат ставови и донесуваат одлуки во согласност со законот и статутот на Комората за прашањата од став 1 на овој член и ги утврдуваат меѓусебните обврски и одговорности за нивно спроведување. Ставовите за прашањата за чие решавање се надлежни други органи и организации, Комората им ги упатува на тие органи и организации.

Член 14

Со одлуките и ставовите што ги донесуваат и утврдуваат во Комората, членките на Комората се должни да придонесуваат особено за:

1) обезбедување на квалитетни елементи и критериуми во стопанисувањето;

2) остварување на целите и задачите утврдени со општествениот план на Југославија и со актите за негово остварување;

3) разработка и остварување на основните определби на стратегијата на единствениот технолошки развој на Југославија и на утврдената политика за научноистражувачката работа и примена на современите научни, техничко-технолошки достигања и рационализација, како и заштитата на човековата средина;

4) самоуправно поврзување на организациите на здружен труд, поделба на трудот, кооперација, специјализација и зголемување на продуктивноста на трудот;

5) меѓусебно усогласување на развојот на одделни организации на здружен труд, гранки и групации и на други делови од стопанството, и на нивните производствени капацитети, на транспортните и други услуги и на стоковниот промет;

6) поефикасно и поекономично користење на расположивите капацитети, енергија, средства и домашни извори на суровини;

7) унапредување и примена на современа организација во работата и работењето;

8) приспособување на производството и услугите кон барањата на домашниот и странскиот пазар, посебно приспособување на нивниот квалитет и стандард.

Член 15

Во планирањето на стопанскиот и општествениот развој, Комората особено:

1) организира подготвување и донесување на заеднички програми за развој на организациите на здружен труд што се од суштествено значење за хармоничниот развој на стопанството на земјата и заедничките програми за извоз на стоки и услуги, како и за склучување на самоуправни спогодби со кои меѓусебно преземаат обврски за остварувањето на овие заеднички програми;

2) организира донесување на заеднички планови на организациите на здружен труд, чија дејност е од значење за хармоничниот стопански развој на земјата и за општествената репродукција;

3) презема активности за да се обезбеди усогласување на посебните, заедничките и општите интереси во подготвувањето на заедничките програми и заедничките планови;

4) презема активности, во постапката на подготовка, заедничките планови на организациите на здружен труд здружени во Заедницата на југословенските железници, Заедницата на југословенските пошти, телефони и телеграфи и Заедницата на југословенското електростопанство,

да се усогласуваат со заедничките потреби и интереси на стопанството во целост;

5) учествува во изработката на насоките за подготвување на среднорочните планови што ги донесува Собранието на СФРЈ и во подготвувањето на општествениот план на Југославија и на актите за неговото остварување.

Комората им укажува стручна помош во подготвувањето на заедничките програми за развој на организациите на здружен труд што се од суштествено значење за хармоничниот развој на стопанството на земјата и на заедничките програми за извоз на стоки и услуги, го следи нивното остварување и презема активности организациите на здружен труд да ги извршуваат меѓусебно преземените обврски. Комората, по потреба, им дава иницијативи на Собранието на СФРЈ, на Сојузниот извршен совет и на други сојузни органи за преземање на мерки и активности што придонесуваат за ефикасно остварување на тие заеднички програми.

Член 16

Комората е должна со иницијативите и предлозите за уредување и унапредување на односите помеѓу организациите на здружен труд, со усогласување на стопанскиот развој и со вкупната активност да придонесува за обезбедување на:

1) самоуправно здружување на организациите на здружен труд на целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

2) остварување на рамноправна положба на организациите на здружен труд во вршењето на дејности и стекнувањето на доход на единствениот југословенски пазар;

3) слободно движење и здружување на трудот и средствата и слободна размена на стоки и услуги на целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

4) самоуправно спогодбување и општествено договарање за унапредувањето на економските односи помеѓу организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на стоки и услуги и производствените и други организации.

Член 17

Комората е должна во согласност со своите права и должности да презема мерки и активности со кои се спречува заснавањето на монополска положба, нарушувањето на единствениот југословенски пазар, нелојалната конкуренција и други појави со кои организациите на здружен труд неосновано стекнуваат предности на единствениот југословенски пазар.

За таа цел Комората:

– покренува кај надлежните органи утврдување на одговорноста на органите и организациите за неспроведувањето и недоследното спроведување на законите и другите прописи што се однесуваат на обезбедувањето единството на југословенскиот пазар;

– им предлага на Собранието на СФРЈ и на Сојузниот извршен совет, во рамките на своите надлежности, да преземаат мерки и активности за спречување нарушувањето на единството на југословенскиот пазар и дава иницијативи за донесување, односно за измени и дополненија на сојузните закони и на други сојузни прописи заради отстранување на причините за нарушување на единството на југословенскиот пазар и за уредување и унапредување на меѓусебните односи на организациите на здружен труд на тој пазар.

Член 18

Комората, во согласност со сојузниот закон, учествува во изградувањето на политиката на цените, го следи нејзиното остварување, обезбедува преиспитување и го поттикнува усогласувањето на односите и нивото на цените на одделни производи и услуги што се од интерес за целата земја.

Член 19

Во областа на економските односи со странство, Комората:

1) ги оценува и анализира условите и можностите за развој на економските односи со одделни земји, групи земји и одделни економски групации во странство;

2) го поттикнува и придонесува за организирањето на производството за извоз и усогласувањето на програмите за извоз и увоз на стоки и услуги, го следи нивното извршување, презема активности организациите на здружен труд да остваруваат и да го зголемуваат извозот и дава иницијативи и им предлага мерки на сојузните органи за поттикнување на извозот;

3) го координира настапувањето на организациите на здружен труд на странскиот пазар и обезбедува нивно заедничко настапување на тој пазар;

4) ги поврзува организациите на здружен труд со странски лица во остварувањето и унапредувањето на деловно-техничката соработка, кооперацијата и заедничките вложувања и, во согласност со сојузниот закон, за тоа му дава мислење на надлежниот орган;

5) одлучува за отворањето и укинувањето на претставништва на Комората во странство и ја координира работата на организациите на здружен труд во организирањето на надворешнотрговската мрежа во земјата и странство;

6) презема и им предлага на надлежните органи преземање на мерки и активности за чување на угледот на организациите на здружен труд и на угледот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство, и изрекување на мерки против организациите на здружен труд што го повредиле својот углед, угледот на други организации на здружен труд и угледот на СФРЈ во странство, или што сториле дело на нелојална конкуренција;

7) врши и други задачи и работи предвидени со посебни сојузни закони со кои се уредува вршењето на стопански дејности во странство, прометот на стоки и услуги со странство и други економски односи со странство.

Комората ја развива и унапредува општата стопанска пропаганда во странство и учествува во програмирањето на туристичко-информативната дејност во странство и, во рамките на своите права и должности, презема мерки и активности заради обезбедување на нивното остварување.

Член 20

Комората учествува во подготвувањето на мерките на економската политика што ги утврдуваат сојузните органи.

Комората го следи дејството на мерките на економската политика врз работењето и економската положба на делови од стопанството и на стопанството во целост, презема активности организациите на здружен труд и други членки на Комората да ги остваруваат утврдените цели и мерките на таа политика и дава иницијативи кај сојузните органи за преземање на мерки и за донесување на прописи со кои се обезбедуваат поповолни услови за похармоничен и постабилен развој на стопанството.

Член 21

Комората покренува иницијативи и организира и поттикнува склучување на самоуправни спогодби за здружување на труд и средства за остварување на заедничките програми за развој што се од суштествено значење за хармоничниот развој на стопанството на земјата и на заеднички програми за извоз на стоки и услуги; за координиран настап на организациите на здружен труд на странскиот пазар, за обезбедување на средства за истражување и применување на новите научно-технички и технолошки достигања, како и за други прашања од посебно значење за стопанството на земјата.

Кога со сојузен закон е утврдено дека определени прашања се утврдуваат со самоуправна спогодба на организациите на здружен труд во рамките на Комората, органите во Комората се должни навремно да дадат иницијатива и да го организираат склучувањето на таквата спогодба.

Член 22

Комората организира и обезбедува информирање на членките на Комората и за таа цел: ги организира и поврзува изворите на општествено-економските, деловните, научно-техничките и технолошките информации и податоци од земјата и странство, што придонесуваат за поуспешна работа и работење на организациите на здружен

труд, ги прави достапни за организациите на здружен труд и им предлага на соодветни органи и организации собирање на податоци од интерес за стопанството.

Комората ги следи научно-техничките достигања во светот, ги известува организациите на здружен труд за достигнатото ниво на развојот на технологијата за одделни гранки и групации, го следи движењето на понудата и побарувачката на стоки и услуги на домашниот и странскиот пазар и за тоа ги известува организациите на здружен труд и, заради похармоничен развој на одделни делови на стопанството и на стопанството во целост, го обезбедува и унапредува меѓусебното информирање на организациите на здружен труд за намераваните инвестициони вложувања.

Комората ја следи оптималноста на користењето на капацитетите, за тоа ги информира своите членки и презема мерки и активности за нивно општествено и економски целесообразно користење.

Комората формира посебна служба за информирање која, во рамките на општествениот систем на информирањето, обезбедува собирање, обработка и искажување на податоците и информациите од ст. 1 до 3 на овој член, и ја програмира нејзината дејност.

Во извршувањето на задачите од ст. 1 до 3 на овој член, Комората ја усогласува активноста со информационите служби во федерацијата и соработува со други субјекти на општествениот систем на информирањето.

Член 23

Комората презема мерки и активности за поттикнување, зацврстување и развивање на добрите деловни обичаи, деловниот морал и совесноста во работењето и ја јакне одговорноста на организациите на здружен труд за извршување на договорите, самоуправните спогодби и општествените договори во меѓусебните односи на единствениот југословенски пазар и во односите со странство.

Комората донесува посебни узанси во областа на прометот на стоки и услуги, а и во други области кога тоа е предвидено со сојузен закон.

Член 24

Комората, во соработка со стопанските комори на републиките и на автономните покраини, организира стручно усовршување на кадрите за вршење на работите во претставништвата на организациите на здружен труд и на Комората во странство, како и на кадрите што вршат работи на надворешнотрговски промет и поради тоа ја утврдува програмата за стручно усовршување.

III. ОРГАНИ ВО КОМОРАТА

Член 25

Органи на Комората се Собранието и Надзорниот одбор.

Собранието на Комората има Извршен одбор и претседател на Собранието.

Комората има претседател на Комората.

Претседателот на Комората е и претседател на Извршниот одбор на Собранието на Комората.

Член 26

Собранието на Комората е орган на управување со Комората.

Собранието на Комората го сочинуваат делегатите на членките на Комората.

Делегатите во Собранието на Комората и во другите органи и тела на Комората ги избираат членките на Комората на начин утврден со статутот на Комората.

Делегатите се избираат на четири години, со можност за повторен избор на уште четири години.

Претседателот на Собранието на Комората се грижи за подготвување на седниците на Собранието на Комората, свикува седници на Собранието на Комората, предлага дневен ред и им претседава на тие седници и врши и други работи во согласност со статутот на Комората и со деловникот на Собранието на Комората.

Член 27

Собранието на Комората:

1) донесува статут на Комората, посебни узанси и програма за работа на Комората, финансиски план и завршна сметка на Комората и деловник за нејзината работа;

2) донесува одлуки, ставови и заклучоци, правилници и други акти утврдени со статутот на Комората;

3) разгледува прашања од значење за стопанството во целост, за тоа донесува одлуки и ги утврдува ставовите и обврските на органите и телата во Комората за преземање на мерки и активности за нивна реализација;

4) утврдува ставови за нацртот и предлогот на општествениот план на Југославија и за другите акти на планирањето, за нацртите и предлозите на мерките на економската политика и за нацртите и предлозите на сојузните закони и на други акти на сојузните органи од посебно значење за стопанството и им ги доставува на Собранието на СФРЈ и на Сојузниот извршен совет;

5) одлучува за формирањето на здруженија, секции, одбори и на други форми на работа во Комората, за склучувањето на општествени договори и самоуправни спогодби, за учеството на Комората во работата на соодветни меѓународни организации и за основањето на мешовити комори, за основањето и укинувањето на претставништва на Комората во странство, за прашањата од областа на општонародната одбрана и општествената самозаштита, како и за други прашања за кои, според нивната природа, одлуки не можат да донесат други органи во Комората, здружението, секцијата и другите форми на работа и одлучување;

6) ги избира и разрешува Надзорниот одбор на Комората и Извршниот одбор на Комората, претседателот на Комората и претседателот на Собранието на Комората;

7) врши и други работи утврдени со статутот на Комората;

Статутот на Комората, посебните узанси, програмата за работа, финансискиот план и завршната сметка на Комората, како и одлуките за основање и укинување на претставништвата на Комората во странство, за основање на мешовити комори и за учество на Комората во работата на соодветни меѓународни организации, Собранието на Комората ги донесува на предлог од Извршниот одбор.

Сите други прашања од став 1 на овој член Собранието на Комората може да ги разгледува и за нив да одлучува на предлог од членките на Комората, од Извршниот одбор, здруженијата, секциите и од други форми на работа и одлучување во Комората.

Ако членката на Комората не е согласна со ставовите што ќе се заземат во здружението, секцијата, одборот и во друга форма на работа и одлучување во Комората, може да бара односното прашање да го разгледа Собранието на Комората и за него да заземе став.

Член 28

Извршниот одбор е извршен орган на Собранието на Комората и за својата работа е одговорен пред Собранието на Комората.

Извршниот одбор: ги извршува одлуките, заклучоците, насоките и препораките на Собранието на Комората и се грижи за нивното извршување; дава иницијативи и ја организира работата за извршување на задачите на Комората; му предлага на Собранието на Комората донесување на соодветни одлуки, ставови и други акти, а на барање од Собранието на Комората или на предлог од предлагачите, ги разгледува иницијативите и предлозите на членките на Комората, здруженијата, секциите и други форми на работа и одлучување во Комората и за нив му дава мислење на Собранието на Комората; ги назначува раководните работници во стручната служба на Комората определени со статутот на Комората; врши и други работи утврдени со статутот на Комората.

Член 29

Надзорниот одбор на Комората го контролира спроведувањето на статутот и на другите општи акти на Комората, остварувањето на правата и извршувањето на обврските на членките на Комората, како и дали средствата на Комората се користат одговорно и општествено и економски целесообразно.

Надзорниот одбор е должен за резултатите од контролата што ја врши и за своите ставови да го известува

Собранието на Комората во роковите и на начинот утврдени со статутот на Комората.

Член 30

Претседателот на Комората дава иницијативи за работата на органите на Комората, здруженијата, секциите и другите форми на работа и одлучување во Комората, се грижи за: остварувањето на програмата за работа на Комората, организирањето на соработка со стопанските комори на републиките и на автономните покраини, со сојузните органи, општествено-политичките организации, самоуправните и други организации и заедници, извршувањето на актите на Комората и врши други работи утврдени со статутот на Комората.

Претседателот на Комората ја претставува Комората.

Претседателот на Комората ја организира работата, свикува седници, предлага дневен ред и им претседава на седниците на Извршниот одбор на Собранието на Комората.

Претседателот на Комората е одговорен за законитоста на работата на Комората и во тој поглед ги има овластувањата утврдени со законот за работоводните органи на организациите на здружен труд.

Претседателот на Комората за својата работа е одговорен пред Собранието на Комората.

IV. ФОРМИ НА РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕ ВО КОМОРАТА

1. Здруженија

Член 31

Организациите на здружен труд и други членки на Комората, развојно и деловно поврзани, се организираат во здружение во рамките на Комората, како форма на нивната заедничка работа и одлучување во Комората.

Членката на Комората може да биде и членка на повеќе здруженија.

Собранието на Комората, во согласност со статутот на Комората, утврдува кои здруженија се организираат во Комората.

Член 32

Членките на Комората во здружението:

1) разгледуваат прашања од заеднички интерес и меѓусебно ги поврзуваат и усогласуваат своите интереси;

2) даваат иницијатива, се спогодуваат за подготвувањето и донесувањето на заедничките програми за развој, програмите за извоз и увоз на стоки и услуги и заедничките планови и заеднички преземаат мерки и активности заради обезбедување на оптимален заеднички развој и поефикасно и поекономично користење на своите капацитети, енергијата и домашните извори на суровини;

3) се договараат за здружувањето на тудот и средствата, преземаат други мерки и активности со кои се обезбедуваат рационализација, зголемување и унапредување на нивното производство и зголемување на продуктивноста, поделба на трудот, кооперација, специјализација и зголемување на производствените капацитети;

4) одлучуваат за активностите со кои се создаваат услови за поцелосно и поефикасно обезбедување на развојот и организирање на научноистражувачката и развојната работа, примена на современите научни и техничко-технолошки достигања во нивниот развој и работење и развивање на различни форми и деловно-техничка соработка;

5) ги следат и заземаат ставови за условите за стопанисувањето и положбата на гранките, групациите и другите делови на стопанството и му предлагаат на Собранието на Комората давање на иницијативи за преземање мерки и активности и донесување на сојузни закони и други прописи со кои се унапредуваат условите за стопанисување;

6) заземаат ставови за нацртите и предлозите на мерките на економската политика и за нацртите и предлозите на сојузните закони и други акти на сојузните органи од значење за стопанството и, по потреба, му предлатаат на Собранието на Комората да ги утврди своите ставови за тие прашања и да им достави на Сојузниот извршен совет и на Собранието на СФРЈ иницијативи за преземање на мерки;

7) заземаат ставови за нацртите и предлозите на актите за планирање што ги донесува Собранието на СФРЈ и, по потреба, му предлагаат на Собранието на Комората утврдување на ставови и давање иницијатива до Сојузниот извршен совет и до Собранието на СФРЈ за преземање мерки и активности со кои се овозможува ефикасно остварување на општественото план на Југославија и на актите за неговото спроведување;

8) ги следат и оценуваат појавите на единствениот југословенски пазар, особено појавите на монополистичко однесување, нелојална конкуренција на пазарот и нарушување на единството на југословенскиот пазар и заземаат ставови за тие прашања, преземаат мерки и активности спрема организациите на здружен труд што се однесуваат спротивно од прописите и утврдената политика и ги нарушуваат добрите деловни обичаи и му предлагаат на Собранието на Комората, како и на други надлежни органи, преземање на мерки и активности од нивната надлежност;

9) ги разгледуваат и анализираат појавите на нарушување на природните вредности на човековата средина, обезбедуваат услови за нејзино зачувување и заштита и се грижат за спречување и отстранување на штетните последици настанати со загадување на човековата средина;

10) преземаат мерки и активности за развивање на современата организација на работата и работењето;

11) одлучуваат и за други прашања утврдени со статутот на Комората.

Одлуките и ставовите на здруженијата од значење за здружениот труд, во целост или за членките на Комората надвор од здруженијата, ги изразуваат определбите на Комората кога ќе ги прифати Собранието на Комората или заедничкото тело на Комората, во чиј делокруг на работа спаѓаат тие прашања.

Член 33

Здружението има Собрание.

Членките на Комората, организирани во здружение, можат да формираат и други форми на работа во рамките на здружението, во согласност со статутот на Комората.

Собранието на здружението го сочинуваат делегати на членките на Комората што се организирани во здружението.

Делегатите во собранието на здружението се избираат на начинот утврден со статутот на Комората.

Член 34

Кога во здружението се разгледуваат прашања и заземаат ставови од интерес и за членките на Комората што не се во тоа здружение, во работата на здружението или на друга форма на работа во рамките на здруженито можат да учествуваат и тие членки, на начинот утврден со статутот на Комората.

Член 35

Здруженијата се должни меѓусебно да соработуваат и да ги усогласуваат ставовите, а за таа цел можат да одржуваат заеднички седници на своите собранија и други форми на работа, како и да формираат заеднички работни тела, во согласност со статутот на Комората.

2. Секции

Член 36

Во Комората се организираат секции за унапредување на економските односи со странство како посебна форма на заедничка работа и одлучување на членките на Комората во извршувањето на задачите од областа на економските односи со странство.

Членките на Комората што вршат надворешнотрговски промет со определена земја или со група земји, односно што вршат стопанска дејност во тие земји, задолжително се организираат во секција, во согласност со статутот на Комората.

Во работата на секцијата можат да учествуваат и заинтересираните производствени организации на здружен труд и други членки на Комората, на начинот утврден со статутот на Комората.

Одлуките и ставовите на секцијата од значење за здружениот труд во целост или за членките на Комората

надвор од секцијата, ги изразуваат определбите на Комората кога ќе ги прифати Собранието на Комората, ако со сојузен закон не е определено поинаку.

Член 37

Членките на Комората во секцијата:

1) ги утврдуваат основите за програмирање на соработката со определена земја или група земји, ја разгледуваат состојбата и се известуваат за движењата на странските пазари и предлагаат мерки и активности за унапредување на соработката и се грижат за остварувањето на стратегијата на економската соработка со определена земја или група земји;

2) ги усогласуваат заедничките интереси и обезбедуваат кооридиниран настап на организациите на здружен труд на странскиот пазар;

3) ги разгледуваат општите услови и можностите за работење со одделни земји или со група земји, што се однесуваат на научно-технолошката соработка и кооперација, финансиската и комерцијалната соработка и на други форми на соработка, како и на размената на стоки и услуги;

4) се спогодуваат за здружувањето на средства за заеднички утврдените намени и за други форми на меѓусебна соработка;

5) ги разгледуваат прашањата за унапредување на производството во земјата заради извоз на стоки и услуги и ги поттикнуваат организациите на здружен труд за преструктуирање на производството заради зголемување на извозот и унапредување на квалитетот на стоките и услугите;

6) ја разгледуваат организацијата на надворешнотрговската мрежа и заземаат ставови, му даваат иницијативи на Собранието на Комората за донесување на одлуки и утврдување на ставови, заземаат ставови за отворање и укинување на претставништва на Комората во странство, ја следат, насочуваат и контролираат работата на претставништвата на Комората во странство и ги разгледуваат нивните извештаи;

7) ја разгледуваат, координираат и следат работата на претставништвата и на деловните единици на орааганизациите на здружен труд во странство и преземаат други мерки и активности за унапредување на нивната работа и работење, во согласност со статутот на Комората;

8) ги разгледуваат појавите и преземаат мерки и други активности за сузбивање на нелојалната конкуренција на организациите на здружен труд на странскиот пазар и за заштита на угледот на организациите на здружен труд и на угледот на СФРЈ во странство;

9) вршат и други задачи и работи за унапредување на економските односи со странство, утврдени со сојузен закон и со статутот на Комората.

За своите одлуки, ставови, мислења и предлози секциите го известуваат Извршниот одбор на Собранието на Комората, кој е должен да се грижи за нивното извршување.

Член 38

Собранието на Комората утврдува за кои земји и групи земји се организираат секции.

Член 39

Секцијата има Собрание.

Со статутот на Комората може да се утврди секцијата да може да има и други форми на работа.

Собранието на секцијата го сочинуваат делегати на членките на Комората во секцијата.

Делегатите во собранието на секцијата се избираат на начинот утврден со статутот на Комората.

3. Одбори

Член 40

Во Комората се формираат одбори, како заеднички тела на сите членки на Комората, заради разгледување и решавање на прашања од значење за целото стопанство или за повеќе области од стопанството.

Собранието на Комората ги формира одборите, ги утврдува нивните задачи и составот и ги избира нивните членови, согласно со статутот на Комората.

Член 41

Одборот ги разгледува прашањата од значење за целото стопанство или за повеќе области на стопанството за кои е формиран и за тоа предлага и утврдува ставови, ако со статутот или со друг општ акт на Комората не е определено ставовите за определени прашања да ги утврдува Собранието на Комората.

Одборот може да донесува одлуки и да утврдува ставови од својот делокруг кога за тоа е овластен со статутот на Комората.

Одборот ги разгледува различните ставови заземени во здруженијата и предлога мерки и активности заради нивно усогласување

Одборот е должен да остварува соработка со органите во Комората, со здруженијата, секциите и други форми на работа и одлучување во Комората, во согласност со статутот на Комората.

V. ОПШТИ АКТИ НА КОМОРАТА

Член 42

Комората има свој статут.

Статутот на Комората, одлуките, правилниците, препораките, заклучоците и ставовите ги донесува и утврдува Собранието на Комората. Со статутот на Комората се утврдуваат актите што можат да ги донесуваат собранијата на здруженијата, на секциите и други форми на работа и одлучување во Комората.

Член 43

Со статутот на Комората се уредуваат особено: задачите на Комората; органите во Комората и нивниот делокруг, состав, број на членови и начинот на избор; начелата за организирање на здруженија, секции и други форми на работа и одлучување во Комората; начинот на формирање заеднички тела во Комората; правата, обврските и одговорностите на членките на Комората; изборот и траењето на мандатот на делегатите во собранијата на здруженијата, секциите и други форми на работа и одлучување во Комората; начинот на избор претседател на Комората, на Извршниот одбор и претседател на Собранието на Комората и траењето на мандатот; начинот на одлучување во Комората; условите за основање мешовити комори; содржината и формите на остварување соработка со стопанските комори на републиките и на автономните покраини, со органите на федерацијата и со други органи и организации; јавноста на работата на Комората и известувањето на членките на Комората за извршувањето на задачите на Комората и за работата на нејзините органи и на другите форми на работа и одлучување во Комората; мерките на општествена дисциплина што Судот на честа им ги изрекнува на членките на Комората; формите на подготовка за општонародна одбрана и општествена самозаштита; начинот на обезбедување средства за остварување на задачите на Комората; положбата, начелата на организирање и задачите на стручната служба и постапката за донесување статут на Комората и други општи акти на Комората.

Статутот на Комората го потврдува Собранието на Комората.

Член 44

Комората може да донесува општи задолжителни одлуки, ако за тоа е овластена со сојузен закон, на начинот и под условите што се утврдени со тој закон.

VI. ОДНОСИ НА КОМОРАТА И НА ОРГАНИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 45

Комората има право и должност да дава мислења, забелешки и предлози на нацрти и предлози на сојузни закони и други сојузни прописи, акти на планирање и други општи акти, да дава иницијативи и да предлага и учествува во подготовките на определени сојузни закони и други прописи и други општи акти за прашањата што се од интерес за членките на Комората.

Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата и сојузните организации доставуваат на разгледување до Комората нацрти и предлози на сојузни закони и на други сојузни прописи и други општи акти и мерки што се од интерес за стопанството во целост или за одделни гранки и групации.

Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата и сојузните организации се должни мислењата, забелешките и предлозите на Комората да ги разгледаат и да ја известат за своите ставови.

Член 46

Комората е должна да ги разгледува иницијативите и предлозите на Сојузниот извршен совет, на сојузните органи на управата и на сојузните организации.

Кога разгледува иницијативи и предлози на Сојузниот извршен совет, Комората е должна да го извести Сојузниот извршен совет за своите ставови. На барање од Сојузниот извршен совет, Комората е должна да го извести за своите ставови и по повод иницијативи и предлози на сојузните органи и сојузните организации.

Член 47

Комората и сојузните органи на управата можат да основаат заеднички работни тела за проучување на состојбата во одделни области и на системски и други важни прашања, што се од значење за работата на Комората и на сојузните органи на управата, за согледување на резултатите од спроведувањето на одделни мерки и за подготовката на одделни предлози.

VII. САМОУПРАВНИ СУДОВИ И НАДВОРЕШНОТРГОВСКА АРБИТРАЖА ПРИ КОМОРАТА

Член 48

При Комората постои Суд на честа.

Судот на честа одлучува за повреди на добрите деловни обичаи во надворешнотрговското работење, за повреди со кои се нарушува единството на југословенскиот пазар или се спроведуваат монополистички дејствија на тој пазар, за повреди на самоуправните спогодби и општествените договори, ако е тоа предвидено во нив, како и за повреди на добрите деловни обичаи на домашниот пазар, ако во постапката учествуваат странки од две или повеќе републики.

Судот на честа одлучува и за неизвршување на обврските на членките на Комората и за други повреди на статутот и на општо задолжителните одлуки на Комората, за чија повреда, согласно со статутот на Комората, можат да се изречат мерки на општествена дисциплина.

Како повреда на добрите деловни обичаи се сметаат особено постапките на организациите на здружен труд со кои, спротивно на добрите деловни обичаи, и се нанесува штета на општествената заедница или на друга организација на здружен труд или се урива угледот на СФРЈ во странство.

Мерките што може да ги изрече Судот на честа се утврдуваат со статутот на Комората.

Член 49

При Комората постои Постојан избран суд пред кој организациите на здружен труд можат да ги изнесуваат меѓусебните спорови определени со статутот на Комората, во согласност со законот, заради спогодбено решавање на тие спорови, со посредување или одлучување за тие спорови, ако странките ја договорат или со самоуправна спогодба ја утврдат надлежноста на Постојаниот избран суд.

Одлуката на Постојаниот избран суд е конечна и има сила на правосилна пресуда.

Член 50

При Комората постои Надворешнотрговска арбитража за решавање на спорови:

1) од деловните односи што настануваат во надворешнотрговскиот промет помеѓу домашни организации на здружен труд односно други самоуправни организации и заедници и странски физички и правни лица, како и за решавање на тие спорови помеѓу странски физички и правни лица;

2) што се однесуваат на бродови и на пловидбата на море и на внатрешните води, односно на кои се применува пловидбеното право, ако барем едната од странките е странско физичко или правно лице.

Надворешнотрговската арбитража решава спорови кога странките писмено ја договориле нејзината надлежност.

Во сите спорни работи Надворешнотрговската арбитража може, на барање од едната или од обете страни, да посредува меѓу нив заради мирење.

Арбитражната одлука е конечна и има сила на правосилна пресуда.

Член 51

Недлежноста, составот и организацијата на Судот на честа, на Постојаниот избран суд и на Надворешнотрговската арбитража при Комората, начинот на избор и разрешување на нивните членови и постапката во работите од нивната надлежност се утврдуваат со правилник што го донесува Собранието на Комората во согласност со законот.

VIII. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА КОМОРАТА

Член 52

Средствата потребни за работа на Комората се обезбедуваат со придонес од членките на Комората.

Средствата за работа на Комората се утврдуваат врз основа на годишната програма за работа на Комората со која се утврдуваат задачите на органите на Комората, на здруженијата и на другите форми на работа во Комората.

Основицата и стапката на придонесот ги утврдува Собранието на Комората.

Со статутот на Комората се утврдуваат начинот и роковите за плаќање на придонесот.

Член 53

Комората е должна, врз основа на својата програма за работа, за секоја година да донесе финансиски план и завршна сметка.

На финансиско-материјалното работење на Комората сообразно се применуваат прописите што важат за органите на општествено-политичките заедници.

IX. СТРУЧНА СЛУЖБА НА КОМОРАТА

Член 54

Административно-стручните, помошните и со нив слични работи за потребите на Комората ги врши стручната служба на Комората.

Работниците што ги вршат работите од став 1 на овој член формираат работна заедница.

Врз стручната служба на Комората сообразно се применуваат одредбите од законот со кои се уредуваат положбата, правата, обврските и одговорностите на работната заедница која врши административно-стручни, помошни и со нив слични работи за организацијата на здружен труд, ако со овој закон не е поинаку определено.

Член 55

Актот за организацијата на стручната служба на Комората го донесува Извршниот одбор на Собранието на Комората.

На актот за систематизацијата на работните задачи и работите на стручната служба на Комората согласност дава Извршниот одбор на Собранието на Комората.

Член 56

Комората има секретар на Комората.

Секретарот на Комората: раководи со стручната служба на Комората; му помага на претседателот на Собранието на Комората и на претседателот на Комората во подготвувањето на седниците на Собранието на Комората односно на Извршниот одбор и се грижи за извршувањето на одлуките, заклучоците и другите акти на тие органи и за доставувањето на определени општи и поединечни акти до надлежните органи и организации; обезбедува остварување соработка помеѓу Комората и другите орга-

ни и организации во процесот на разгледување на одделни прашања во рамките на таа соработка; се грижи за спроведување на статутот и на другите општи акти на Комората и врши и други работи утврдени со статутот на Комората.

Секретарот на Комората е одговорен за законитоста на работата на стручната служба на Комората и во тој поглед ги има овластувањата утврдени со закон за работоводните органи на организациите на здружен труд.

Секретарот на Комората е наредбодавец за извршување на финансискиот план на Комората.

Секретар на Комората именува Собранието на Комората без објавување јавен конкурс.

X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 57

Стопанската комора на Југославија, формирана со Законот за здружување на организациите на здружен труд во општи здруженија и во Стопанската комора на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/76, 63/80 и 64/84), ја продолжува работата според одредбите од овој закон.

Комората е должна статутот и другите општи акти, својата организација и работа да ги сообрази со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила, а обврските од член 22 на овој закон – да ги изврши во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 58

Општите здруженија во Комората престануваат да работат по истекот на рокот утврден со овој закон за сообразување на организацијата и работата на Комората со одредбите од овој закон.

Со денот на престанувањето на работата на општите здруженија, Комората ги презема средствата, обврските, опремата, другиот имот, архивата и другата документација на општите здруженија.

Член 59

Работниците на работните заедници на општите здруженија ги имаат правата и должностите на работници на организациите на здружен труд што престанале со работата.

Комората може да преземе, без конкурс, одделни работници од работните заедници на општите здруженија и да ги распореди на работни задачи и работи во стручната служба на Комората, во согласност со актот за систематизацијата на работните задачи и работите на таа служба.

Член 60

Задачите и работите што од денот на влегувањето во сила на овој закон со посебни прописи се утврдени за определни општи здруженија основани за територијата на СФРЈ, се сметаат како задачи и работи на Комората.

Член 61

Организациите на здружен труд што со самоуправна спогодба се здружиле во сложена организација на здружен труд се должни во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон да утврдат дали во Комората се здружуваат преку сложената организација на здружен труд и за тоа да ја известат Комората.

Во истиот рок научноистражувачките организации и работните организации, што ја вршат општествената дејност од член 1 ст. 5 и 6 на овој закон, ќе одлучат за здружувањето во Комората и за тоа ќе ја известат Комората.

Член 62

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за здружување на организациите на здружен труд во општи здруженија и во Стопанската комора на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/76, 63/80 и 64/84).

Член 63

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

327.

Врз основа на член 279 став 5 и член 286 став 2 точка 4. од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 5 став 3 од Законот за обезбедување на средства за финансирање на Програмата за изградба на југословенскиот дел од железничката пруга Титоград–Скадар во 1982, 1983, 1984 и 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/82, 14/84 и 4/86), Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 9 април 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ИЗНОСОТ НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ДЕЛ НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ПРУГА ТИТОГРАД – СКАДАР ВО 1985 ГОДИНА

1. Износот на средствата утврден во член 1 од Законот за обезбедување на средства за финансирање на Програмата за изградба на југословенскиот дел од железничката пруга Титоград–Скадар во 1982, 1983, 1984 и 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/82, 14/84 и 4/86) во височина од 2.110,316.000 динари, ќе се валоризира за износот на извршените работи во 1985 година по основ на цените на градењето, со примена на индексот од 471,9 за цената на градењето за првите 6 месеци на 1985 година во однос на 1982 година, за 3.213,445.321 динар, така што зголемен за износот по основ на валоризацијата за 1983, 1984 и 1985 година изнесува 7.532,873.740 динари.

2. Обрските на републиките и автономните покраини по основ на средствата за валоризација во износ од 3.213,445.321 динар, а според критериумите од член 3 став 2 на Законот за обезбедување на средства за финансирање на Програмата за изградба на југословенскиот дел од железничката пруга Титоград–Скадар во 1982, 1983, 1984 и 1985 година, изнесуваат за 1985 година и тоа:

СР Босна и Херцеговина	435,100.496
СР Македонија	187,986.551
СР Словенија	493,585.201
СР Србија надвор од териториите на автономните покраини	759,015.785
СР Црна Гора	66,518.318
СР Хрватска	818,785.868
САП Војводина	376,615.792
САП Косово	75,837.310
Вкупно:	3.213,445.321

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

АС бр. 728
9 април 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Илијаз Куртеши с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
Методи Антов, с. р.

328.

Врз основа на член 277 став 2 од Законот за облигационите односи („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/78 и 39/85), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА СТАПКАТА НА ЗАТЕЗНАТА КАМАТА

1. Во Одлуката за височината на стапката на затезната камата („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/82, 40/83,

53/84, 15/85, 32/85, 62/85 и 14/86) во точка I зборовите: „од 80%" се заменуваат со зборовите: „од 86%".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 98
3 април 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с.р.

329.

Врз основа на член 6 од Законот за вршење на менувачки работи и за прометот на ефективни странски пари во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 61/82 и 40/84), на предлог од Народната банка на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА МЕНУВАЧКАТА ПРОВИЗИЈА

1. Во Одлуката за височината на менувачката провизија („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/82) во точка 1 став 1 процентот: „1,50%" се заменува со процентот: „2%".

Во став 2 процентот: „2%" се заменува со процентот: „2,5%".

2. Во точка 2 процентот: „2%" се заменува со процентот: 2,5%".

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 101
10 април 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпредседател.
Борисав Сребрик, с.р.

330.

Врз основа на чл. 21 и 123 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85), по прибавеното мислење од Стопанската комора на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА ФОРМИ НА ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ

1. во Одлуката за распоредување на стоките на форми на извозот и увозот во Списокот на стоките со форми на извозот и увозот („Службен лист на СФРЈ" бр. 69/85 и 11/86) се вршат следните измени, и тоа:

1) во тар. број 01.06/2е во колона 6 кратенката: „ЛБО" се заменува со кратенката: „ЛБ";

2) во тар. број 15.07/8а и б во колона 6 кратенката: „ЛБО" се заменува со кратенката: „Кк";

3) во тар. број 28.10/2а во колона 6 кратенката: „Кк" се заменува со кратенката: „ЛБО";

4) во тар. број 28.10/2б-1 во колона 6 кратенката: „Кк" се заменува со кратенката: „ЛБО";

5) во тар. број 20.10/2в во колона 6 кратенката: „Кк" се заменува со кратенката: „ЛБО";

6) во тар. број 28.47/1а во колона 6 кратенката: „ЛБО" се заменува со кратенката: „Кк";

7) во тар. број 34.02/1а до г во колона 6 кратенката: „Кк" се заменува со кратенката: „ЛБО";

8) во тар. број 37.01/1а во колона 6 кратенката: „Кв" се заменува со кратенката: „ЛБО";

9) во тар. број 37.01/2в во колона 6 кратенката: „Кв" се заменува со кратенката: „ЛБО";

10) во тар. број 37.04/4а во колона 6 кратенката: „Кв" се заменува со кратенката: „ЛБО";

11) во тар. број 37.05/1а во колона 6 кратенката: „Кв" се заменува со кратенката: „ЛБО";

12) во тар. број 37.05/2б во колона 6 кратенката: „Кв" се заменува со кратенката: „ЛБО";

13) во тар. број 40.11/6в-1 во колона 5 кратенката: „ЛБ" се заменува со кратенката: „Кк";

14) во тар. број 44.03/4б-2 во колона 5 кратенката: „ЛБ" се заменува со кратенката: „Кк";

15) во тар. број 44.11/1 и 2 во колона 6 кратенката: „ЛБО" се заменува со кратенката: „Кк";

16) во тар. број 48.16/1а во колона 6 кратенката: „ЛБО" се заменува со кратенката: „Кк".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 106
27 март 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с.р.

331.

Врз основа на член 56 од Законот за движењето и престојот на странците („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/80) и член 3 ст. 3 и 4 од Уредбата за паричната помош и за здравствената заштита на странци на кои им е признаен статусот на бегалец („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/75 и 72/81), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗНОСОТ НА ПАРИЧНАТА ПОМОШ НА СТРАНЦИТЕ НА КОИ ИМ Е ПРИЗНАЕН СТАТУСОТ НА БЕГАЛЕЦ

1. Паричната помош на странците на кои им е признаен статусот на бегалец, утврдена во чл. 4 до 7 од Уредбата за паричната помош и здравствената заштита на странци на кои им е признаен статусот на бегалец, се зголемува од 1 јануари 1986 година за 52% и така зголемена по одделни видови на таа помош изнесува, и тоа:

	Динари
1) основна помош	4.467
2) додаток за неспособност	1,117
3) додаток за неспособност за самохрани	2.230
4) додаток за стручно оспособување односно школување	1.117
5) додаток за стучно оспособување односно школување надвор од местото на домувањето	3.351
6) додаток за малолетни членови	1.117

2. Со денот на влегувањето на оваа одлука во сила престанува да важи Одлуката за усогласување на износите на паричната помош на странците на кои им е признаен статусот на бегалец („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/85).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 121
10 април 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с.р.

332.

Врз основа на член 29 став 1 точка 10 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82, 61/82, 7/84 и 25/85), на предлог од сојузниот секретар за финансии, Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА РЕШЕНИЕТО ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА, УРЕДИ И ИНСТРУМЕНТИ, НА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ТАА ОПРЕМА ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО, КАКО И ЗА ГРАЃАНИТЕ ЗА ЛИЧНА УПОТРЕБА, ШТО СЕ ОСЛОБОДЕНИ ОД ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Во Решението за утврдување на специфична опрема, уреди и инструменти, на резервни делови и потрошен материјал за користење на таа опрема за организациите на здружен труд во областа на здравството, како и за граѓаните за лична употреба, што се ослободени од плаќање царина („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/84 и 68/84) во точка 1 по тар. број 85.19/1з се додава нов тарифен број 87.03/9, кој гласи:

„87.03/9, Моторни возила за специјални цели, подвижни клиники
Ex.
Подвижни амбуланти."

По тар. број 87.14/3б се додава нов тар. број 90.01/1а кој гласи:

„90.01/1а Леќи, призми и други оптички елементи за очила, оптички обработени
Ex.
– Бифокални леќи (криптор, телезин)
– Лентикуларни леќи во плус (+)
– Пластични леќи CR-39."

Тар број 90.01/1б се менува и гласи:

„90.01/1б Контактни леќи
Ex.
Контактни леќи, меки."

Во тар. бр. 90.20/1в алинеја деветта се менува и гласи:

„Компјутерски томографи – рендгентски апарати за слојни снимања со компјутерска обработка на податоци".

2. Во точка 3 по тар. број 84.20/1г се додава нов тар. број 90.01/1а, кој гласи:

„90.01/1а Леќи, призми и други оптички елементи за очила, оптички обработени
Ex.
– Бифокални леќи (криптор, телезин)
– Лентикуларни леќи во плус (+)
– Пластични леќи CR-39."

Тар. број 90.01/1б се менува и гласи:

„90.01/1б Контактни леќи
Ex.
Контактни леќи, меки".

Во тар. број 90.17/1ѓ по алинеја втора се додава нова алинеја, која гласи:

„– Апарати за магнетна терапија."

3. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 99
27 март 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с.р.

333.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЕЛЕКТРОМЕХАНИЧКИ СОСТАВНИ ДЕЛОВИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ УРЕДИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за електромеханички составни делови за електронски уреди што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Електромеханички составни делови за електронски уреди. Методи на испитување. Постапка 11 m: Повишена температура со влага, циклично променлива — JUS N.R4.443

2) Електромеханички составни делови за електронски уреди. Методи на испитување. Постапка 16 а: Оштетување од испитен чеп — — — — — — — — — — — — JUS N. R4.459

3) Електромеханички составни делови за електронски уреди. Методи на испитување. Постапка 19 а: Отпорност спрема течност на претходно изолирани лежишта за стискање — — — — — — — — — — — JUS N. R4.472

4) Електромеханички составни делови за електронски уреди. Методи на испитување. Постапка 10 с: работа на прекинувачот при капацитивно оптоварување — JUS N. R4.480

5) Електромеханички составни делови за електронски уреди. Методи на испитување. Постапка 16h: Ефикасност на држачот на изолација (стиснат спој) — — JUS N. R4.488

6) Електромеханички составни делови за електронски уреди. Методи на испитување. Постапка 16 и: Издржливост на свивање на причврстени машки контакти на плоскати проводнички спојки — — — JUS N. R4.490

7) Електромеханички составни делови за електронски уреди. Методи на испитување. Постпка 16q: Издржливост на истегање и притисок на причврстени машки контакти на плоскати проводнички спојки JUS N. R4.491.

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на електромеханички составни делови за електронски уреди што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престанува да важи југословенскиот стандард кој го има следниот назив и ознака:

Електромеханички составни делови за електронски уреди. Методи на испитување. Постапка 16 а: Оштетување од испитниот чеп — — — — — — — — — — — JUS N. R4.459

донесен со Решението за југословенските стандарди за електромеханички составни делови за електронски уреди („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/75).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-6077/1
26 декември 1985 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

334.

Врз основа на член 65 став 1 точка 8 од Законот за заштита од јонизирачки зрачења и за посебните сигурносни мерки при користење на нуклеарна енергија („Службен лист на СФРЈ", бр. 62/84), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ И ДА СЕ УПОТРЕБУВААТ ВОДА ЗА ПИЕЊЕ, ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ И ПРЕДМЕТИ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, КОИ САДРЖАТ РАДИОАКТИВНИ МАТЕРИИ НАД ОПРЕДЕЛЕНИТЕ ГРАНИЦИ НА АКТИВНОСТА

Член 1

Вода за пиење, животни намирници и предмети за општа употреба, кои се контаминирани со радиоактивни материи, можат да се употребуваат за пиење, да се пуштаат во промет и да се користат за наменетите цели под условите пропишани со овој правилник.

Член 2

Како контаминирани, во смисла на овој правилник, се сметаат водата за пиење, животните намирници односно предметите за општа употреба за кои ќе се утврди дека содржат радиоактивни материи над границите определени со посебен пропис.

Член 3

Водата за пиење, животните намирници односно предметите за општа употреба за кои ќе се утврди дека содржат радиоактивни материи под пропишаните граници можат да се употребуваат за пиење, да се пуштаат во промет и да се користат за наменетите цели.

Член 4

Водата за пиење која содржи радиоактивни материи над пропишаната граница може да се употребува за пиење ако се утврди дека активноста на радиоактивните материи во таа вода, заедно со активноста на радиоактивните материи што годишно се внесуваат во човечкиот организам по пат на животни намирници, не ги преминува максимално дозволените граници на озрачување пропишани за поединец од населението.

Член 5

Водата за пиење во која активноста на радиоактивните материи, заедно со активноста на радиоактивните материи во животните намирници што годишно се внесуваат во човечкиот организам, ги преминува границите на озрачување пропишани за пединец од населението, може да се употребува за пиење ако со соодветна постапка се спроведе деконтаминација, така што активноста на водата за пиење и на животните намирници да не ги преминува определените граници.

Член 6

Животната намирница која е контаминирана со радиоактивни материи над пропишаната граница може да се пушти во промет и да се употребува ако се утврди дека активноста на радиоактивните материи со кои е контаминирана, заедно со активноста на радиоактивните материи во другите животни намирници и во водата за пиење што годишно се внесуваат во човечкиот организам, не ги преминува максимално дозволените граници на озрачување пропишани за пединец од населението.

Член 7

Животната намирница во која активноста на радиоактивните материи, заедно со активноста на радиоактивните материи во другите животни намирници и во водата за пиење што годишно се внесуваат во човечкиот организам, ги преминува границите на озрачување за поединец од населението, може да се пушта во промет и да се употребува ако со соодветна постапка се спроведе деконтаминација, така што активноста на водата за пиење и на животните намирници да не ги преминува определените граници.

Член 8

Предметите за општа употреба за кои ќе се утврди дека се контаминирани со радиоактивни материи над пропишаните граници можат да се пуштаат во промет и да се користат за наменетите цели, ако со соодветна постапка се спроведе деконтаминација.

Член 9

Водата за пиење, животните намирници и предметите за општа употреба кои се контаминирани со радиоактивни материи над пропишаните граници, а не можат да се употребуваат, да се пуштаат во промет и да се користат под условите пропишани во чл. 4 до 8 на овој правилник, се сметаат како хигиенски неисправни.

Член 10

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престанува да важи Правилникот за условите под кои можат да се пуштаат во промет и да се употребуваат вода за пиење, животни намирници и предмети за општа употреба, контаминирани со радиоактивни материи („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/79).

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1728
23 јануари 1986 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет
за труд, здравство
и социјална заштита,
д-р **Ѓорѓе Јаковлевиќ**, с. р.

335.

Врз основа на член 99 став 1 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85), сојузниот секретар за надворешна трговија издава

НАРЕДБА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ НА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ ЗА СКЛУЧЕНИТЕ ДОГОВОРИ ЗА НАДВОРЕШНО ТРГОВСКИ ПРОМЕТ ПОДНЕСЕНИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1985 ГОДИНА СО ПРОПИСИТЕ ШТО СЕ ПРИМЕНУВААТ ВО 1986 ГОДИНА

1. Во Наредбата за начинот на усогласување на пријавите за склучените договори за надворешно трговски промет поднесени до 31 декември 1985 година со прописите што се применуваат во 1986 година („Службен лист на

СФРЈ", бр. 72/85, 7/86 и 14/86) во точка 2 во одредбата под 2 по ставот 2 точката и запирката се заменуваат со точка и се додава нов став 3, кој гласи:

„Потврдата од став 2 на оваа одредба не се поднесува за увоз на опрема по пријавите за склучените договори за увоз или по пријавите за склучените кредитни работи со странство, прифатени до 31 декември 1985 година;".

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П. бр. 25001/2
17 април 1986 година
Белград

Сојузен секретар
за надворешна трговија,
д-р **Миленко Бојаниќ**, с. р.

336.

Врз основа на член 95 став 2 од Законот за Службата на општественото книговодство („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/83), сојузниот секретар за финансии издава

НАРЕДБА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА НАРЕДБАТА ЗА СМЕТКИТЕ ЗА УПЛАТА НА ПРИХОДИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НИВНИТЕ ФОНДОВИ, НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И НА ДРУГИ САМОУПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ, ЗА НАЧИНОТ НА УПЛАТУВАЊЕ НА ТИЕ ПРИХОДИ И ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ТИЕ ПРИХОДИ

1. Во Наредбата за сметките за уплата на приходите на општествено-политичките заедници и нивните фондови, на самоуправните интересни заедници и на други самоуправни организации и заедници, за начинот на уплатување на тие приходи и за начинот на известување на корисниците на тие приходи („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/84, 67/84, 5/85 и 72/85) во точка 41 став 1 во одредбата под 2 на крајот точката се заменува со точка и запирка и се додава нова одредба под 3, која гласи:

„3) на сметката бр. 842-21 – Средствата на организациите на здружен труд наменети за здружување за развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини."

2. Во точка 59 став 1 во одредба под 2 на крајот точката се заменува со точка и запирка и потоа се додава нова одредба под 3, која гласи:

„3) проодна сметка бр. 842-37 – Средствата на организациите на здружен труд наменети за здружување за развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини."

3. Во Списокот на општините, со ознаките, по републиките и автономните покраини и надлежните служби на општественото книговодство, во колона 7 ознаката на општина Сплит „080" се заменува со ознаката „126", во колоните 5, 6 и 7 по зборовите: „34.400 Сплит 080" се додаваат зборовите: „34.400 Каштел 124" и зборовите: „34.400 Солин 125", а по зборовите: „68.501 Ораховац 313" се додаваат зборовите: „68.501 Малишево 323".

4. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 4436/1
10 април 1986 година
Белград

Заменик
на сојузниот секретар
за финансии,
Вук Огњановиќ, с. р.

337.

Врз основа на член 34 точка 4 од Законот за Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/85), Собранието на Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИТЕ И МЕРИЛАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТАНАРИНАТА ЗА СТАНОВИТЕ СО КОИ УПРАВУВА ИНТЕРЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА И УПРАВУВАЊЕ СО СТАНОВИТЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И ФУНКЦИОНЕРИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ

1. Во Одлуката за утврдување на основите и мерилата за определување на станарината за становите со кои управува Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/83, 45/84 и 20/85) по точка 5б се додава нова точка 5в, која гласи:

„5в. Станарината определена врз основа на точка 5б од оваа одлука се зголемува за 40%."

2. Оваа одлука ќе се применува од 1 мај 1986 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр: 02/2-770/12-86
31 март 1986 година
Белград

Претседател на Собранието
на Интересната заедница,
Здравко Шево, с.р.

338.

Врз основа на член 34 точка 4 од Законот за Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/85), Собранието на Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИТЕ И МЕРИЛАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАДОМЕСТ ЗА ГАРАЖИ

1. Во Одлуката за утврдување на основите и мерилата за определување надомест за гаражи („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/81, 26/82, 26/83, 45/84 и 20/85) во точка 4 бројот: „68,41" се заменува со бројот: „95,77".

2. Оваа одлука ќе се применува од 1 мај 1986 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во („Службен лист на СФРЈ".

Бр: 02/2-770/13-86
31 март 1986 година
Белград

Претседател на Собранието
на Интересната заедница,
Здравко, Шевос.р.

339.

Врз основа на член 115 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85), сојузниот секретар за финансии донесува

УПАТСТВО

ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА УПАТСТВОТО ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПЛАЌАЊЕ НА УВОЗОТ НА ОПРЕМА ОД КОНВЕРТИБИЛНОТО ПОДРАЧЈЕ ВО 1986 ГОДИНА

1. Во Упатството за утврдување на правото на плаќање на увозот на опрема од конвертибилното подрачје во 1986 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 3/86 и 9/86), точката 4 се заменува со три нови точки, кои гласат:

„3а. Организациите на здружен труд ќе ѝ доставаат податоци од точ. 2 и 3 на ова упатство на овластената банка, пред утврдувањето на правото на плаќање на увозот на опрема, а најдоцна до 31 октомври 1986 година.

3б. За увозот и плаќање на опрема во 1986 година по пријавите за склучените договори за увозот или по пријавите за склучените кредитни работи, прифатени до 31 декември 1985 година, не се врши товарење на дел од пресметаната амортизација и на дел од остварениот извоз.

3в. За опремата што се плаќа од средствата на меѓународните финансиски организации (IBRD, IFC и др.) се врши товарење на дел од пресметаната амортизација и на дел од остварениот извоз во височината на отплатата на кредитот втасан за плаќање во таа година."

2. Точ. 5 и 6 стануваат точ. 4 и 5.

3. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3
11 април 1986 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Владо Клеменчич, с.е.

340.

Врз основа на член 48 став 2 и на чл. 52 и 56 од Законот за евиденциите во областа на трудот („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/77 и 21/82), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита, пропишува

УПАТСТВО

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УПАТСТВОТО ЗА МЕТОДОЛОШКИТЕ ПРИНЦИПИ ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ТРУДОТ И ЗА СРЕДСТВАТА, НАЧИНОТ И РОКОВИТЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИ И ИЗВЕШТАИ

1. Во Упатството за методолошките принципи за водење на евиденциите во областа на трудот и за средствата, начинот и роковите за доставување на пријави и извештаи („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/77 и 49/82) на крајот од точка 3 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а кое според законот има право да заснове работен однос."

2. Точка 4 се менува и гласи:

„4. Меѓу лицата кои бараат вработување, како невработено лице се смета лицето што ги исполнува следните услови:

1) кое нема можност со својот труд да си обезбеди себеси односно на своето семејство средства неопходни за живот;

2) кое во Социјалистичка Федеративна Република Југославија ќе прифати секое вработување што одговара на неговите работни и стручни способности и семејни прилики;

3) кое е пријавено и редовно и се пријавува на самоуправната интересна заедница за вработување на територијата на која се наоѓа неговото живеалиште односно местото на последниот престанок на работниот однос;

4) кое је прифаќа понудената можност стручно да се оспособи или да се преквалификува ако е тоа општествено-економски оправдано и ако врз основа на тоа му е обезбедено вработување."

Како лице кое нема можност со својот труд да си обезбеди себеси, односно на своето семејство, средства неопходни за живот, се смета:

а) лице кое не е сопственик или корисник на земјоделско земјиште а не живее во земјоделско домаќинство кое поседува или има во сопственост земјоделско замјиште, а кое:

– не е во работен однос;

– не е уживател на лична или семејна пензија;

– не е регистрирано да врши дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓани, односно самостојно да врши со личен труд професионална дејност и не врши дејност која не се регистрира како вршење дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓани односно како вршење со личен труд на професионална дејност.

Како лице кое нема можност со својот труд да си обезбеди себеси односно на своето семејство средства неопходни за живот, се смета и лицето кое не е сопственик или корисник на земјоделско замјиште и не живее во земјоделско домаќинство кое поседува или има во сопственост земјоделско земјиште, а кое врши дејност која не се регистрира како вршење дејност со личен труд со средства во сопственост на грѓани односно како вршење со личен труд на професионална дејност (домашна ракотворба, аквизитерство и сл.), а приходот што со вршењето на таа дејност го остварува, не го преминува износот на загарантираниот личен доход кој важи на територијата на општината во која живее лицето кое бара вработување.

б) лице кое е сопственик или корисник на земјоделско земјиште или живее во домаќинство кое поседува или има во сопственост земјоделско земјиште, а:

– кое преку насочено образование ќе се оспособи за вршење на определено занимање од трет степен стручна подготовка, односно од квалификуван работник па нагоре;

– чии приходи од земјоделството за дадената година изнесуваат месечно, по член на домаќинството што живее од земјоделство, најмногу до 50% од загарантираниот личен доход утврден во општината во која живее, со тоа што приходот да се утврдува со валоризација на катастарскиот приход со примена на коефициентите што го изразува односот меѓу народниот доход на индивидуалниот сектор на земјоделството и катастарскиот приход во општината.

Фактите од одредбите под 1 и 2 за утврдување кој нема можност со својот труд да си обезбеди себеси односно на семејството неопходни средства за живот, се докажуваат со јавна исправа.

Како лице кое е спремно да прифати вработување во СФРЈ, се смета лицето што бара вработување и кое:

а) прифаќа секое вработување на определено или на неопределено време во местото на живеалиштето или во друго место во кое може да дојде на работа и од кое може да се врати по работата во текот на денот, ако тоа вработување одговара на неговата стручна подготовка и на работните способности стекнати со работата, односно ако до местото на работата има организиран превоз, а од станот до работата и назад во превоз не патува повеќе од три часа;

б) прифаќа секое вработување на неопределено време надвор до своето живеалиште, под услов тоа вработување да одговара на неговата стручна подготовка и на работните способности, притоа да се води сметка за неговата семејна состојба и обврските спрема семејството, да му се обезбеди или дека ќе му се обезбеди соодветно сместување односно стан за семејството, услови за школување на децата и други услови за живот и работата во согласност со општествените договори што се склучуваат во републиките и автономните покраини, односно со самоуправните спогодби што се еклучуваат во општините односно за повеќе општини.

Како лице што е пријавено и редовно ѝ се пријавува на самоуправната интересна заедница за вработување на територијата на која се наоѓа неговото живеалиште односно местото на последното престанување на работниот од-

нос, се смета лице што ги исполнува со закон предвидените услови за засновање работен однос, освен редовните ученици и редовните студенти, и во согласност со утврдените рокови лично ѝ се обрнува на надлежната СИЗ за вработување, со што потврдува дека и понатаму сака СИЗ да му посредува при вработувањето.

Како лице кое је прифаќа понудената можност стручно да се оспособи или преквалификува ако е тоа општествено-економски оправдано и ако врз основа на тоа му е обезбедено вработување, се смета лице кое ќе прифати стручно оспособување или преквалификација за занимање кое е најмалку на нивото на стручната подготовка што тоа лице веќе ја има."

3. Во точка 26 зборовите: „за граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство (Образец ИЗ-3)" и зборовите: „и за граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија привремено вработени во странство што се пријавиле заради барање вработување во СФРЈ (Образец ПЗ-3)" на крајот од оваа точка, се бришат.

4. Во точка 29, зборовите: „полугодишни извештаи;" се заменуваат со зборовите: „годишни извештаи:", зборовите: „(Образецот ИЗ-4)" се заменуваат со зборовите: „(Образец ИЗ-3)", а зборовите: „(Образец ПЗ-4)" со зборовите: „(Образец ПЗ-3)".

Став 2 се менува и гласи:

„Извештаите од став 1 на оваа точка се доставуваат до 10 јануари текуштата година за претходната година."

5. Во точка 30 став 2 де менува и гласи:

„Извештаите од став 1 на оваа точка се доставуваат до 20 јануари текуштата година за претходната година."

6. Во точка 31 став 2 се менува и гласи:

„Извештаите од став 1 на оваа точка се доставуваат до 30 јануари текуштата година за претходната година".

7. Во точка 33 зборовите: „ИЗ-4" и зборовите: „ПЗ-4" се бришат.

8. Називот на образецот ИЗ-3 се менува и гласи:

„Граѓани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство, на ден 31. XII _____ година".

Називот на колона 2 се менува и гласи:

„Број на граѓани вработени во странство на крајот од претходната година."

Називот на колона 3 се менува и гласи:

„Број на граѓани што заминале на работа во странство во текот на годината за која се поднесува извештај".

Називот на колона 5 се менува и гласи:

„Број на граѓани што во текот на годината се вратиле од работа во странство".

Наднасловот на колоните 6 до 12 се менува и гласи:

„Број на граѓани што на крајот од годината за која се поднесува извештај се наоѓале на привремена работа во странство".

9. Образец ИЗ-4 се брише.

10. Во образецот ПЗ-2 колоните 3, 5, 7, 9, 11, 13 и 15 и зборовите во колона 1: „што не се воведени во евиденцијата на лицата што бараат вработување" се бришат.

11. Образецот ПЗ-3 се брише.

12. Во образецот ПЗ-4, кој станува образец ПЗ-3, колона 12 се брише.

13. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 33
12 март 1986 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет
за труд, здравство и
социјална заштита,
д-р **Ѓорѓе Јаковлевиќ**, с. р.

341.

Врз основа на член 24 и 65 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81 и 26/84), во согласност со точ. 2 до 4 на Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1986 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ПОРАСТОТ НА НЕТО ДОМАШНАТА АКТИВА И НА ДИНАРСКИТЕ ПЛАСМАНИ НА БАНКИТЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 АПРИЛ ДО 30 ЈУНИ 1986 ГОДИНА

1. Во Одлуката за усогласување на обемот и динамиката на порастот на нето домашната актива и на динарските пласмани на банките во периодот од 1 април до 30 јуни 1986 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/86) во точка 2 во одредбата под 2 процентот: „9,0%" се заменува со процентот: „9,5%".

2. Во точка 3 во став 1 текстот во заградата се менува и гласи: „(без кредити од средствата на Југословенската банка за меѓународна економска соработка и кредити од ст. 2 и 3 на оваа точка)", а процентите: „3,5%, 4,5% и 5,0%" се заменуваат со процентите: „7,0%, 8,5% и 9,0%".

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Банките што даваат кредити за подготвување на туристичките и угостителските организации на здружен труд можат своите динарски пласмани да ги зголемат над порастот утврден во точка 2 став 1 одредба под 2 на оваа одлука за износот на порастот на тие кредити над процентите од точка 2 став 1 одредба под 2 на оваа одлука, а најмногу до 30% на 30 април и до 60% на 31 мај и 30 јуни 1986 година во однос на состојбата на тие кредити на 31 март во 1986 година".

Во досегашниот став 3, кој станува став 4, процентите: „9%, 7%, 10% и 6%" се заменуваат со процентите: „14%, 16%, 16% и 9%".

Досегашниот став 4 станува став 5.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 39
18 април 1986 година
Белград

Претседател на Советот
на гувернерите
гувернер
на Народната банка
на Југославија,
Радован Макиќ, с. р.

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Листата на кандидатите за избор на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ од САП Косово, објавена во „Службен лист на СФРЈ", бр. 20/86 се поткраднала грешка, та се дава

ИСПРАВКА

НА ЛИСТАТА НА КАНДИДАТИ ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТИ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ОД САП КОСОВО

Под реден број 20 наместо: МАЉОВИЌ Драган, треба да стои: МАЛОВИЌ Драган.

Од Комисијата за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, Белград, 25 април 1986 година.

НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ЦЕНИ

За советник на директорот на Сојузниот завод за цени се назначува м-р Зоран Божиновски, порано советник на претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, со 1 април 1986 година.

С.п.п.бр. 364
10 април 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с.р.

Врз основа на член 238 став 2 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ЗАМЕНИК-ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА

За заменик-директор на Сојузниот завод за стандардизација се назначува д-р Милан Спасиќ, досегашен заменик на директорот на тој завод.

С.п.п. бр. 367
10 април 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с.р.

Врз основа на член 5 став 2 од Уредбата за Сервисот за финансиско-материјални работи на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/72), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СЕРВИСОТ ЗА ФИНАНСИСКО-МАТЕРИЈАЛНИ РАБОТИ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

За директор на Сервисот за финансиско-материјални работи на сојузните органи на управата и на сојузните организации се назначува Јово Иваниш, досегашен директор на тој сервис.

С.п.п. бр. 368
10 април 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ АМБАСАДОР ВО СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

За амбасадор во Сојузниот секретаријат за надворешни работи се назначува Александар Станиќ, порано на должноста амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Заир.

С.п.п. бр. 369
10 април 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ГЛАВНИОТ СОЈУЗЕН ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОР

За помошник на главниот сојузен девизен инспектор се назначува Драган Лазовиќ, досегашен помошник на тој главен инспектор.

С.п.п. бр. 370
10 април 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с. р.

Врз основа на член 76 став 2 од Законот за прекршоците со кои се повредуваат сојузните прописи („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/77 и 20/82), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОСТОЈАНЕН ЧЛЕН НА СОЈУЗНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕКРШОЦИ

За постојанен член на Сојузниот совет за прекршоци се именува Благое Шошкиќ, досегашен постојанен член на тој совет.

С.п.п. бр. 371
10 април 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с. р.

УКАЗИ

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ХОНДУРАС И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ХОНДУРАС

I

Се отповикува

Бранко Вукушиќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Хондурас со седиште во Мексико.

II

Се назначува

Славко Шуковиќ, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Соединетите Држави на Мексико, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Хондурас со седиште во Мексико.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 10
20 март 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Радован Влајковиќ, с.р.

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО КРАЛСТВОТО НЕПАЛ И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО КРАЛСТВОТО НЕПАЛ

I

Се отповикува

Данило Билановиќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Кралството Непал со седиште во Њу Делхи.

II

Се назначува

Живоин Јазиќ, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Индија, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Кралството Непал со седиште во Њу Делхи.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 11
31. март 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Радован Влајковиќ, с.р.

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ЛИБЕРИЈА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ЛИБЕРИЈА

I

Се отповикува

Радивое Петковиќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Либерија со седиште во Акра.

II

Се назначува

Лазар Човиќ, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Гана, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Либерија со седиште во Акра.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 12
3 април 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Радован Влајковиќ, с.р.

ОДЛИКУВАЊА

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

– Врз онова на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат

– за особена храброст, самопожртвување и умешност во командувањето во текот на војната, како и за истакната улога во изградбата, зацврстувањето и оспособувањето на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН НА БОЈНОТО ЗНАМЕ

генерал-полковниците: Грачанин Бошка Петар, Вулетић Петра Бруно;

- за заслуги во развивањето и зацврснувањето на мирољубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Републиак Југославија и другите држави, како и за особени заслуги во работата на развивањето на свеста на граѓаните во борбата за независност на земјата

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

генерал-полковниците: Ђуић Владимира Дане, Хоџић Мује Асим;

- за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

генерал-полковникот Михајловски Дамјана Ламбе;

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

генерал-мајорот Чубра Илије Никола;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА SBEЗДА

генерал-полковникот Аћић Ђуре Милан;
генерал-потполковниците: Бурчул Блаја Милан, Дурић Смаила Екрем, Карановић Симе Ђуро;

- за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството томеѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

генерал-полковникот Војводић Душана Радован;

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

генерал-мајорите: Борић Јове Илија, Маровић Илије Никола, Радановић Павла Иван;
контраадмиралите: Боцинов Панче Драгољуб, Јокић Милоша Љубивоје;

- за особени заслуги во изградбата и јакнењето на вооружените сили и за особени успеси во раководењето со единиците на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во нивното зацврстување и оспособување за одбрана на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЛАВРОВ ВЕНЕЦ

генерал-потполковниците: Чураноли Вехбије Фабиљ, Ђурђевић Драгомира Славко, Поповић Ђорђа Димитрије, Шуц Алојза Павел, Петков Младена Боривоје;

- за особени заслуги во развивањето на меѓународните односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и другите земји и за истакнати заслуги во развивањето и зацврстувањето на мирољубивата соработка и на пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и другите држави.

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА SBEЗДА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

генерал-потполковникот Кочински Косте Димко;
генерал-мајорите: Гњатовић Дмитра Никола, Лончар Ђурђа Здравко, Маричић Марка Рајко;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

генерал-потполковниците: Паштровић Бранка Милорад, Ракочевић Јовице Драго, Тодоровић Марка Спасоје;
генерал-мајорите: Баричевић Ивана Иван, Јовановић Стевана Бранко, Карајлић Накије Кемал, Купрешанин Јована Урош, Омахен Ивана Иван, Вујичић Богољуба Вукосав;
контраадмиралот Николић Михајла Милун;

- за примарни заслуги и умешност во работата на развивањето на постојан полет заради остварување на поставените задачи во единиците со кои раководат како и за создавање услови за постигнување на особено добри успеси во своите единици и установа

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ГОЛЕМА SBEЗДА

генерал-мајорите: Ахлин Алојза Алојзиј, Јеркић Алојзија Мирослав, Никезић Рака Илија.

Бр. 132.
22 декември 1984 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Веселин Ѓурановиќ, с. р.

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

- врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликува:

ОД СР Србија

- по повод на триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

ГИРО „Црна Трава", Власотиице.

Бр. 133
24 декември 1984 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Веселин Ѓурановиќ, с. р.

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликува:

Од СР Србија

- за пројавена лична храброст во спасување на човешки животи, посмртно

СО ОРДЕН ЗА ХРАБРОСТ

Стојановиќ Стојадина Светислав.

бр. 134
22 декември 1984 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Веселин Ѓурановиќ, с. р.

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат:

Од сојузните органи и организации

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

